РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 08-1025/1
27.01 20 17 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: | 2. 2. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 8/4 | / | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), и член 44-а од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/2010, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 и 127/16), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

за утврдување на
Наставен план и наставни програми за воспитно-образовната дејност во основно училиште во коешто се реализира Меѓународна програма за основно образование (ИБ)

1. Со ова решение се утврдува Наставен план за воспитно-образовната дејност во основно училиште во коешто се реализира Меѓународна програма за основно образование (ИБ).
2. Составен дел на ова решение е Наставниот план за деветгодишното основно образование за основно училиште во коешто се реализира Меѓународна програма за основно образование (ИБ).
3. Во Меѓународна програма за основно образование (ИБ) се реализираат наставните програми утврдени од министерот за образование и наука за деветгодишното основно образование во Република Македонија, а согласно стандардите на Меѓународна програма за основно образование (ИБ) коишто се однесуваат на организацијата и реализацијата на програмата.

## Образложение

Врз основа на 44-а од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/2010, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 и 127/16) министерот за образование и наука утврдува наставни планови и програми за воспитно-образовната дејност во основно училиште во коешто се реализира Меѓународна програма за основно образование (ИБ).

Во Меѓународна програма за основно образование (ИБ) се реализираат наставните програми утврдени од министерот за образование и наука за деветгодишното основно образование во Република Македонија, а согласно стандардите на Меѓународна програма за основно образование (ИБ) коишто се однесуваат на организацијата и реализацијата на програмата.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Бирото за развој на образованието
- Архивата

**МИНИСТЕР,**
Pishtar Lutfiu

НАСТАВЕН ПЛАН ЗА ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**за основно училиште во коешто се реалиира Меѓународна програма за основно образование (ИБ)**

| | **Група наставни предмети** | **Наставен предмет (задолжителен)** | **I одделение Број на часови** | | | **II одделение Број на часови** | | | **III одделение Број на часови** | | | **IV одделение Број на часови** | | | **V одделение Број на часови** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **н** | **г** | **ИБ** | **н** | **г** | **ИБ** | **н** | **г** | **ИБ** | **н** | **г** | **ИБ** | **н** | **г** | **ИБ** |
| 1. | **Јазик и литература** | Македонски јазик | 6 | 218 | 144 | 6 | 218 | 144 | 6 | 218 | 144 | 5 | 180 | 120 | 5 | 180 | 120 |
| | | Англиски јазик | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 | 3 | 108 | 72 | 3 | 108 | 72 | 3 | 108 | 72 |
| 2. | **Математика** | Математика | 5 | 180 | 120 | 5 | 180 | 120 | 5 | 180 | 120 | 5 | 180 | 120 | 5 | 180 | 120 |
| 3. | **Природни науки** | Природни науки | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 |
| 4. | **Општествени науки** | Општество | 1 | 36 | 24 | 1 | 36 | 24 | 1 | 36 | 24 | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 |
| 5. | **Уметност** | Музичко образование | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 |
| | | Ликовно образование | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 |
| 6. | **Физчко образование и лично и социјално образование** | Физичко и здравствено образование | 3 | 108 | 72 | 3 | 108 | 72 | 3 | 108 | 72 | 3 | 108 | 72 | 3 | 108 | 72 |
| | | Образование за животни вештини | 1 | 36 | 24 | 1 | 36 | 24 | 1 | 36 | 24 | 1 | 36 | 24 | 1 | 36 | 24 |
| | | **Наставен предмет согласно националниот наставен план** | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1. | | Работа со компјутер и програмирање | | | | | | | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 |
| 2. | | Техничко образование | | | | | | | | | | 1 | 36 | 24 | 2 | 72 | 48 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | **Годишна изложба** | | | | | | | | | | | | | | | 15 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупен број на задолжителни предмети** | | | **9** | | | **9** | | | **10** | | | **11** | | | **11** | | |

Објаснувања на Наставниот план:

1. Во Наставниот план се дадени бројот на часови по наставни предмети согласно Законот за основно образование каде времетраењето на часот е определено на 40 минути (неделен фонд и годишен фонд на часови) и според стандардите на ИБ програмата каде што се дадени вкупниот број на часови (саати) на годишно ниво.
2. Училиштето што реализира меѓународна програма за основно образование (ИБ програма) наставата на неделно ниво ја организира со флексибилен фонд на часови за одделните наставни предмети согласно потребите на планирањата на темите што се реализираат, но на годишно ниво мора да биде исплонет вкупниот број на предвидени часови за секој наставен предмет.
3. Слободните ученички активности, додатната настава и дополнителната настава според стандардите на ИБ програмата се реализираат согласно потребите на учениците за време на продолжениот престој на учениците.
4. Во второто полугодие на V одделение се организира годишна изложба.

НАСТАВЕН ПЛАН ЗА ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**за основно училиште во коешто се реалиира меѓународна програма за основно образование ( ИБ)**

| | **Група наставни предмети** | **Наставен предмет (задолжителен)** | **VI одделение Број на часови** | | | **VII одделение Број на часови** | | | **VIII одделение Број на часови** | | | **IX одделение Број на часови** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **н** | **г** | **ИБ** | **н** | **г** | **ИБ** | **н** | **г** | **ИБ** | **н** | **г** | **ИБ** |
| 1. | **Јазик и литетратура** | Македонски јазик | 4 | 144 | 96 | 4 | 144 | 96 | 4 | 144 | 96 | 4 | 144 | 96 |
| 2. | **Усвојување јазици** | Англиски јазик | 3 | 108 | 72 | 3 | 108 | 72 | 3 | 108 | 72 | 3 | 108 | 72 |
| | | Втор странски јазик | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 |
| 3. | **Математика** | Математика | 5 | 180 | 120 | 4 | 144 | 96 | 4 | 144 | 96 | 4 | 144 | 96 |
| 4. | **Природни науки** | Природни науки* | 2 | 72 | 50* | | | | | | | | | |
| | | Биологија** | | | | 2 | 72 | 50* | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 |
| | | Хемија | | | | | | | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 |
| | | Физика | | | | | | | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 |
| 5. | **Општествени науки** | Историја | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 |
| | | Географија | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 | 2 | 72 | 48 |
| | | Граѓанско образование | | | | | | | 1 | 36 | 24 | 1 | 36 | 24 |
| 6. | **Уметност** | Музичко образование*** | 1 | 36 | 26* | 1 | 36 | 26* | 1 | 36 | 26* | 1 | 36 | 26* |
| | | Ликовно образование | 1 | 36 | 24 | 1 | 36 | 24 | 1 | 36 | 24 | 1 | 36 | 24 |
| 7. | **Технологија / Дизајн** | Техничко образование**** | 1 | 36 | 24 | 1 | 36 | 26* | 1 | 36 | 24 | | | |
| | | Информатика | 2 | 72 | 48 | 1 | 36 | 24 | | | | | | |
| | | Проекти од информатика | | | | | | | 2 | 72 | 48 | | | |
| | | Програмирање | | | | | | | | | | 2 | 72 | 48 |
| | | Иновации | | | | | | | | | | 1 | 36 | 24 |
| 8. | **Физчко образование и лично и социјално образование** | Физичко и здравствено образование | 3 | 108 | 72 | 3 | 108 | 72 | 3 | 108 | 72 | 3 | 108 | 72 |
| | | Образование за животни вештини | 1 | 36 | 24 | 1 | 36 | 24 | 1 | 36 | 24 | 1 | 36 | 24 |
| | | **Наставен предмет согласно Националниот наставен план** | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Изборен предмет (етика на религии, запознавање на религии или класична култура на европската цивилизација) | 2 | 72 | 48 | | | | | | | | | |
| | | Етика | | | | 1 | 36 | 24 | | | | | | |
| | | **Индивидуална работа на завршен проект** | | | | | | | | | | | | 15 |
| **Вкупен број на задолжителни предмети** | | | **13+1** | | | **13+1** | | | **16** | | | **16+1** | | |
| | | **Дополнителна настава** | 1 | | | 1 | | | 1 | | | 1 | | |
| | | **Додатна настава** | 1 | | | 1 | | | 1 | | | 1 | | |
| | | **Училишен хор** | **3 часа неделно, односно 108 годишно** | | | | | | | | | | | |
| | | **Училишен оркестар** | **3 часа неделно, односно 108 годишно** | | | | | | | | | | | |

Објаснувања на Наставниот план:

1. Во Наставниот план се дадени бројот на часови по наставни предмети согласно Законот за основно образование каде времетраењето на часот е определено на 40 минути (неделен фонд и годишен фонд на часови) и според стандардите на ИБ програмата каде што се дадени вкупниот број на часови (саати) на годишно ниво.

   * Согласно ИБ стандардите заради исполнување на пропишаните 50 саати по наставниот предмет *природни науки* во VI одделение потребните 2 саати или 3 училишни часови ќе се реализираат преку организирање и учество на учениците на *саем за наука*, (48+2 саати, односно 72+3 наставни часа).

   ** Согласно ИБ стандардите заради исполнување на пропишаните 50 саати по наставниот предмет *биологија* во VII одделение потребните 2 саати или 3 училишни часови ќе се реализираат преку организирање и учество на учениците на активности за *заштита на животната средина*., (48+2 саати, односно 72+3 наставни часа).

   *** Согласно ИБ стандардите заради исполнување на пропишаните 50 саати по групата предмети *уметност* потребните 2 саати или 3 училишни часови по наставниот предмет *музичко образование* во VI, VII, VIII и IX одделение ќе се реализираат преку учество на учениците во *училишен хор и училишен оркестар*, (48+2 саати, односно 72+3 наставни часа).

   **** Согласно ИБ стандардите заради исполнување на пропишаните 50 саати по групата предмети *технологија/Дизајн* потребните 2 саати или 3 училишни часови по наставниот предмет *техничко образование* во VII одделение ќе се реализираат преку организирање и учество на учениците на *саем за технологија и дизајн*, (48+2 саати, односно 72+3 наставни часа).

2. Во второто полугодие на IX одделение секој ученик има индивидуална работа на завршен проект.
3. Часовите за училишен хор и училишен оркестар се однесуваат на наставникот на ниво на училиште.